ОДУ.бр.338/26

Република Северна Македонија
Н О Т А Р
НАДА ПАЛИЌ
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје
ул.”Пролет” број 35 А Скопје
19.05.2026

# ЗАПИСНИК

од 34-та Редовна годишна седница на
Собрание на акционери на
Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Република Северна Македонија
**НОТАР**
**НАДА ПАЛИЌ**
за подрачјето на основните судови на градот Скопје
ул.”Пролет” број 35 А Скопје
2026.05.19
11:00(единаесет)часот

**ОДУ.бр.338/26**

**ИЗВОД**

Јас, **Нотар Нада Палиќ од Скопје** ул.”Пролет” број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаи дваесетишеста година, месец мај, ден деветнаесетти на писмено Барање за присуство на Редовна годишна седница на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, во својство на записничар, заведено под арх.бр.0306/21324-1/2026 од 05.05.2026 година, кое е прилог на овој записник, присуствувам на Редовна годишна седница на Собрание на акционери, закажана за ден 19.05.2026 (ден деветнаесетти, месец мај, двеилјадитаидваесетишеста) година, со почеток во 11:00 (единаесет) часот, во седиштето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на ул.”Максим Горки” број 6 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди одлуки на Редовна годишна седница на Собрание на акционери, го сочинив следниот-------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------- **ЗАПИСНИК**---------------------------------------------

--------------**од 34-та Редовна годишна седница на Собрание на акционери на**---------

----------------------------- **УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје** ----------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на Редовната годишна седница на Собрание на акционери утврдив УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје, ЕМБС 4646088, со седиште на ул. ”Максим Горки” број 6 Скопје е запишана во единствениот трговскиот регистар при Централен Регистар на Република Северна Македонија, видно од увид во Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија - Трговски регистар и регистар на други правни лица /електронски издаден документ/ под број 0805-50/150020260203048 од 19.5.2026 година, која е прилог на овој записник.---------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на Потврда издадена од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје под број 08-1807/2 од 18.05.2026 година, која е прилог на овој записник издадена е Акционерската книга на банката на ден 18.05.2026 година во 11:37:14 часот од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води со ISIN MKBLBA101011 утврдив дека Издавачот Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 МКД (илјададенари), со вкупен број на ХВ: 545987 (пет стотиничетириесетипетилјадиидеветстотиниосумдесетиседум),со вкупен номинален капитал од 545.987.000,00 МКД (петстотиничетириесетипетмилионидеветстотиниосумдесетиседум илјадиденари), број на гласови 545987 (петстотиничетириесетипетилјадиидеветстотини осумдесетиседум), состојба-активен, број на иматели 414 (четиристотиниичетиринаесет) со број на сопственички позиции 419 (четиристотиниидеветнаесет), која е прилог на овој записник.--------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од увидот во акционерска книга, утврдив дека акционери на Банката се правни лица и физички лица.------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Редовната годишна седница на Собрание на акционери е свикана, врз основа на Одлука донесена од страна на Надзориот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на -

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

ден 17.04.2026 година, заведена под НО.бр.0203/5-15/2026 од 17.04.2026 година, која е прилог на овој записник, со јавен ПОВИК за учество на 34-та Редовна годишна седница на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, кој е прилог на овој записник, а кој е објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 18 - 19.4.2026 година, во кој е објавено дека Редовната годишна седница на Собрание на акционери ќе се одржи на ден 19.05.2026 година, со почеток во 11:00 часот, во просториите на Банката на ул."Максим Горки" бр.6 Скопје, а во кој е објавен Дневниот ред на 34-та Редовната годишна седница на Собрание на акционери, кој е прилог на овој записник.------------------------------------

---

Редовната годишна седница на Собранието на акционери започна во 11:04 часот (единаесетчасотичетириминути) и ја отвори Претседавачот на претходното Собрание на акционери Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија, која најпрвин ги поздрави присутните акционери и присутните на оваа седница и тоа Г-дин Делчо Крастев-Член на управен одбор, Г-дин Робертино Николоски-Одговорен директор за контрола на усогласеност со прописи и Г-дин Ѕвонко Станковски-Директор на Дирекција односи со инвеститори и Секретаријат, се заблагодари на нивното присуство и констатира дека јавниот Повик на Редовната годишна седница на Собрание на акционери на Банката е уредно објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 18 - 19.4.2026 година и на веб страната на Банката, согласно член 388-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (Сл.весник на РМ бр.42 од 26.03.2010 год.), а материјалите уредно беа ставени на располагање и достапни на акционерите.--------------------------------------

---

Претседавачот на претходното Собрание на акционери Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија, констатира дека од вкупниот број на обични акции 545.987, присутни се акционери кои поседуваат **432.873 акции со право на глас** што претставува **79,28 %** од вкупниот број на акции со право на глас за ова Собрание 545.984, согласно акционерската книга издадена еден ден пред одржувањето на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери, што значи дека се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно квалификувано мнозинство, така што оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери има кворум и може да одлучува по сите точки од предложениот дневен ред, а врз основа на Список за седница на собрание на акционери на ден 19.05.2026 година, кој е прилог на овој записник, со што акционерите го верификуваа своето присуство (верификувани учесници на Собранието), а кој Список за седница на собрание на акционери на ден 19.05.2026 година, со свој потпис ќе го заверат Претседавачот на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери и Нотарот како записничар, со прилози кон истиот полномошно од акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија-Р.Бугарија, заверено кај Нотар Димо Жељазков од Софија, под Рег.бр.3312 од 13.05.2026 година, полномошно од акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија-Р.Бугарија, заверено кај Нотар Димо Жељазков од Софија, под Рег.бр.3379 од 14.05.2026 година, полномошно за учество на седницата на Годишното собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје од 29.04.2026 година од акционерот КБ Инвест АД Скопје, полномошно за учество на Годишно Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, заведено под бр.03-1889/1 од 07.05.2026 година од акционерот Сава Пензиско друштво АД Скопје, кое управува со акционерите Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус.-----------------------------------------

---

Претседавачот на претходното Собрание на акционери Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија истакна дека акционери кои го оствариле правото на глас преку писмена коресподенција нема.-----------------------------------------

---

Претседавачот на претходното Собрание на акционери Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија истакна дека предлози за измени и дополнувања на дневниот ред до овој момент не се поднесени, па за денешната Редовната годишна седница на Собрание на акционери, го предложи на усвојување следниот------------

---

---

## ДНЕВЕН РЕД

### I.Процедурален дел

1.Отворање на Собранието;

2.Избор на работни тела на собранието:

-избор на Претседавач на Собранието;

-избор на бројач на гласови и

-избор на записничар.

### II.Работен дел

1.Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот со писмено мислење.

2.Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка за 2025 година, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот;

3.Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, со Предлог Одлука за усвојување;

4.Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година од Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и писмено мислење од Надзорниот одбор, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот и писменото мислење;

5.Предлог Одлука за распоредување на добивка за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година;

6.Предлог Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година (дивиденден календар);

7.Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Втора емисија перпетуална обврзница;

8.Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Трета емисија перпетуална обврзница;

9.Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Четвртата емисија перпетуална обврзница;

10.Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2026 година;

11.Предлог Одлука за дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и

12.Предлог Одлука за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и

13.Разно.

Претседавачот на претходното Собрание на акционери Кристина Ангеловска - полномошник

---

на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија праша дали некој се јавува за дискусија и како никој не се јави, вака предложениот Дневен ред, го стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложениот Дневен ред едногласно е усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------------------------------------------------

Се премина на **Процедуралниот дел од Дневниот ред.**----------------------------------------------

**1.Отворање на Собранието.**-------------------------------------------------------------------------------

Со оглед дека оваа точка од дневниот ред е исцрпена Претседавачот на претходното Собрание на акционери Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија премина на втората точка од процедуралниот Дневен ред **Избор на работни тела на собранието** и тоа:---------------------------------------------------------------------

**- избор на Претседавач на Собранието.**--------------------------------------------------------------

Претседавачот на претходното Собрание на акционери Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија истакна дека со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание, па лично се предложи за Претседавач на оваа Редовна годишна седница на собрание на акционери како полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија. Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот едногласно е усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на претходното Собрание на акционери Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија констатира дека за **Претседавач на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери** е избрана едногласно **Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија**.------------------

Претседавачот на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери се заблагодари за довербата и премина на **Избор на бројач на гласови.** За бројач на гласови го предложи Г-дин Ѕвонко Станковски - Директор на Дирекција односи со инвеститори и Секретаријат. Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот едногласно е усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека за Бројач на гласови е избран Ѕвонко Станковски - Директор на дирекција односи со инвестиции и Секретаријат, по што истиот поднесе Извештај од бројач на гласови на собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје од 19.05.2026 година, кој е прилог на овој записник и констатира дека на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери присутни се: лично акционери и полномошници на акционери со уредни овластувања за застапување, иматели на обични акции со право на глас кои поседуваат вкупно **432.873 акции со право на глас** што претставуваат **79,28 %** од вкупниот број 545.984 акции со право на глас, согласно акционерската книга на Банката која е издадена еден ден пред одржувањето на оваа Редовна годишна седница на собрание на акционери, така што согласно член 393 став (1) од Законот за трговските друштва и одредбите од Законот за банките, Собранието на акционери има кворум за работа и одлучување.-----------------------------------------------------------------------------------------------

---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери премина на **Избор на записничар**, па истакна дека согласно член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, ако Собранието одлучува за измена на податок што се запишува во трговскиот регистар, записникот го води Нотар, така што за записничар на денешната Редовна годишна седница на Собрание на акционери е предложена Нотар Нада Палиќ од Скопје, која ќе го води и изготви Записникот од оваа Редовната годишна седница на Собрание на акционери, а кој е присутна, па праша дали некој има забелешка. Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот едногласно е усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека за записничар е избрана Нотар Нада Палиќ од Скопје.---

---

Откако Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека процедуралниот дел од Дневниот ред е исцрпен се премина на **Работниот дел од Дневниот ред**:---

---

точка **1.Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот со писмено мислење.**---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Годишниот Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година, со писмено Мислење по истиот од страна на Надзорен одбор од 17.04.2026 година кој е прилог на овој записник и Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2025 година, се составен дел на материјалите на оваа седница, па по истите отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2025 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог Одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2025 година**, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **2.Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка за 2025 година, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот.**---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на Собрание на акционери е Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2025 година од април 2026 година, кој е прилог на овој записник и предложената Предлог одлука за усвојување на Извештајот за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година и за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Банката, поединечно и колективно, која е прилог на овој записник па по истите отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог Одлуката за усвојување на Извештајот за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2025 година и за одобрување на работата на членовите --

---

---

на Надзорен одбор на Банката, поединечно и колективно, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог Одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештајот за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година и за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Банката, поединечно и колективно**, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **3.Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, со Предлог Одлука за усвојување.**---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на Собрание на акционери е Предлог Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година, па по истата отвори дискусија. Како никој друг не се јави за збор, Предлог Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог Одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година**, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **4.Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година од Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и писмено мислење од Надзорниот одбор, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот и писменото мислење**;---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Извештајот на независниот ревизор и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2025 година (според методологијата на НБРСМ) од Друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје од 17.04.2026 година, со писмено Мислење за извештај на Друштвото за ревизија од страна на Надзорниот одбор од 17.04.2026 година, кои се прилог на овој записник и Предлог Одлука за усвојување на Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година, се составен дел на материјалите на оваа седница, па по истите отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за усвојување на Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог Одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година**, која е прилог на овој записник.---

---

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **5. Предлог Одлука за распоредување на добивка за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.**-----------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за употреба и распоредување на утврдената добивка за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година е составен дел на материјалите на оваа седница /прилог на овој записник/, па по истата отвори дискусија. -----------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави Иван Дебарлиев од Скопје – полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија и предложи дополнување на оваа точка односно во точката 2 под реден број 3 зборот "Дивиденди" би се заменил со "Акумулирана добивка расположлива за понатамошна распределба на акционерите" и таквата одлука би ја ставил на гласање, затоа што инструкциите што ги има врз основа на даденото полномошното е да гласа за ваквата видоизменета одлука.-----------------------------------------------------------------

За збор се јави Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија и истакна дека и таа има исти такви инструкции од акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија.------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционерот Благој Митров и истакна дека значи остатокот од добивката може да се користи за капитална адекватност на банката, за да може да се даваат повеќе кредити, а може и да остане и нераспределена. Во тој случај ако остане за идна поделба останува растот на банката, но дали е соодветно покриен со обврзници и сл. Сметам дека балансот е направен, но еве ова како прашање, ако може да ми се одговори.--------------------

За збор се јави Иван Дебарлиев од Скопје – полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија и неговото мислење е дека е направена целосна проценка на менаџментот на Банката и дека ваквата предложена изменета одлука е соодветна со идниот и очекуван раст на Банката, нејзиното фукционирање и истовремено на заштитата на правата на акционерите онакви какви што се.-----------------------------------------------------

За збор се јави акционерот Владимир Кандикјан кој побара да му се објасни што е измената.-----------------------------------------------------------------------------------------------

Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија му објасни дека во точката 2 под реден број 3 зборот "Дивиденди" би се заменил со "Акумулирана добивка расположлива за понатамошна распределба на акционерите".-----------

За збор се јави Иван Дебарлиев од Скопје – полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија и појасни дека со предложената изменета одлука се врши преформулирање на точката 2 под реден број 3 така што зборот "Дивиденди" би се заменил со "Акумулирана добивка расположлива за понатамошна распределба на акционерите", износот е тој и истиот останува реезервиран кој ќе биде распределен на акционерите во некоја следна постапка, врз основа на донесена дополнителна одлука од страна на Собранието на акционери.-----------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Како никој друг не се јави за збор, Претседавачот предложената Предлог Одлуката за распоредување на утврдената добивка за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, изменета во точка 2, реден број 3, така што зборот "Дивиденди" се менува во "Акумулирана добивка расположлива за понатамошна распределба на акционерите", ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека ваквата Предлог Одлука е усвоена. ЗА гласаа вкупно 401.766 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ 31.107 обични-акции со право на глас.-------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за употреба и распоредување на утврдената добивка за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**, која е прилог на овој записник.----------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **6.Предлог Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година (дивиденден календар);**--------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година (дивиденден календар) е составен дел на материјалите на оваа седница /прилог на овој записник/, па по истата отвори дискусија. ------------------------------------

---

За збор се јави Иван Дебарлиев од Скопје–полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија и истакна дека, врз основа на полномошното дадено од акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија и претходно изгласаната одлука, бидејќи акумулираната добивка се резервира за некаква идна исплата што е веќе изгласана во одлуката и тоа во износ од 211.296.969,00 МКД, оваа точка 6 од дневниот ред ја губи својата смисла за определување на конкретен календар, затоа што распределбата на дивидендата ќе биде во некое идно време, како резервиран износ кој е определен за распредлба на дивиденда.Затоа оваа Предлог Одлука е без предметна и ќе гласа против.------------------------

За збор се јави Јоце Новачевски-полномошник на акционерот КБ Инвест АД Скопје кој праша зошто ова се прави, која е економската логика?-----------------------------------------------

За збор се јави Иван Дебарлиев од Скопје–полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија и истакна дека за жал има само овластување на начинот на гласањето, а претпоставува дека квалифицираните во мнозиството акционери имаат некое сознание зошто тоа го предлагаат односно зошто даваат такви насоки и мисли дека менаџментото на Банката е изненаден во делот на гласањето на квалифицираните во мнозиството акционери. Може дополнително и да се добие некое образложение.----------------

За збор се јави акционерот Владимир Кандикјан и праша Банката има предлог, зошто се менува, мора да има образложение, тоа е законска обврска да има образложение.-------------

За збор се јави Робертино Николоски - Одговорен директор за контрола на усогласеност со прописи и истакна дека предложениот текст на одлуката е предлог на акционерите на Банката и така е поставена на Дневниот ред на Собранието. Собранието е највисок орган и ние не можеме да дадеме друго образложение, мора да се почитуваат одлуките одлуките донесени на Собрание на акционери. Образложениeто во моментот го немаме, но во моментот кога Банката ќе има информација соодветно ќе биде доставена.------------------------

---

Како никој друг не се јави за збор, Претседавачот Предлог Одлуката за определување на износот на дивиденда и утврдување дивиденден календар на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог Одлука не е усвоена. ЗА гласаа вкупно 26.862 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ 398.589 обични-акции со право на глас, ВОЗДРЖАНИ 7.422 обични-акции со право на глас.------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието <u>не донесе</u> Одлука за определување на износот на дивиденда и утврдување дивиденден календар на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.------------------------------

---

Се премина на точка **7.Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Втора емисија перпетуална обврзница**;------------------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за исплата на камата на имателите на Втора емисија перпетуална обврзница е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за исплата на камата на имателите на Втора емисија перпетуална обврзница, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------------------------------------------

---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за исплата на камата на имателите на Втора емисија перпетуална обврзница**, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **8.Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Трета емисија на перпетуална обврзница**;---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за исплата на камата на имателите на Трета емисија на перпетуална обврзница е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за исплата на камата на имателите на Трета емисија на перпетуална обврзница, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за исплата на камата на имателите на Трета емисија на перпетуална обврзница**, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **9.Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Четврта емисија на перпетуална обврзница**;---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за исплата на камата на имателите на Четврта емисија на перпетуална обврзница е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за исплата на камата на имателите на Четврта емисија на перпетуална обврзница, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за исплата на камата на имателите на Четврта емисија на перпетуална обврзница**, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **10.Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2026 година**;---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за избор на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2026 година е составен дел на материјалите на оваа седница, така што се предлага Друштво за ревизија за 2026 година да биде повторно Друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за избор на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2026 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на Друштво за ревизија,** кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2026 година, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **11.Предлог Одлука за дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.**---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог Одлуката за дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог Одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **12.Предлог Одлука за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.**---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог Одлуката за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог Одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 432.873 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје,** која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **13.Разно.**---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери, праша дали некој бара збор и како никој не се јави истиот констатира дека дневниот ред е исцрпен во целост и ја затвори Редовната годишна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.---

---

Редовната годишна седница на собрание на акционери заврши во 11:30 часот (единаесет часотитриесетминути).---

---

Овој записник лично го составив на единаесет страници, од единаесет листа, го следев целокупниот тек на Редовната годишна седница на Собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на Собранието на акционери, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно го потпишува.---

---

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

<u>Претседавач</u> **на 34-та Редовна годишна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје** ------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

____________________________________________с.р.---------------------------------------------------

**Кристина Ангеловска - полномошник на акционерот Цеко Тодоров Минев од Софија**.------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

При составување на овој записник издадени се изводи и тоа еден за учесникот Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со сите прилози кон овој записник и еден без прилози кон овој записник, еден за Народна Банка на Република Северна Македонија, со сите прилози кон овој записник, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.-------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарска награда согласно член 41 и 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *13.500,оо* денари и надоместок на трошоци, согласно член 52 од Нотарската тарифа во износ од *990,оо* денари.------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДУ.бр.338/26**------------------------------------------------------------------------------------------

Во Скопје 2026.05.19-Двеиљадитаидваесетишеста година, месец мај, ден деветнаесетти.-----

**НОТАР**
**Нада Палиќ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

ул. Пролет бр. 35А Скопје

потврдува ... со
изворни...

Ова е ...

... на

нотар...

Број ... 338/26

Во скоп[illegible] 1905.26

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ